20151243684

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 140 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15 и 61/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.7.2015 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТЕОРЕТСКАТА НАСТАВА И ПРАКТИЧНАТА ОБУКА И ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА МЕДИЦИНАТА, СТОМАТОЛОГИЈАТА И ФАРМАЦИЈАТА

Член 1

Во Одлуката за надоместокот за спроведување на теоретската настава и практичната обука и за полагање на испит за специјализации односно супспецијализации од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/12), во член 3 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Надоместокот за спроведување на теоретска настава и практичната обука и за полагање на испитот за специјализации односно супспецијализации од областа на стоматологијата за странски државјанин изнесува за:

1. Специјализации:

а) Детска и превентивна стоматологија, ендодонција и реставративна стоматологија, пародонтологија и орална медицина - 9 000 евра во денарска противвредност, од кои:

- теоретска настава – 4 200 евра во денарска противвредност,
- практична обука – 4 300 евра во денарска противвредност и
- специјалистички испит – 500 евра во денарска противвредност.

б) Орална хирургија, ортодонција, стоматолошка протетика - 12 000 евра во денарска противвредност, од кои:

- теоретска настава – 5 300 евра во денарска противвредност,
- практична обука – 6 100 евра во денарска противвредност и
- специјалистички испит – 600 евра во денарска противвредност.

в) Максилофацијална хирургија - 16 000 евра во денарска противвредност, од кои:

- теоретска настава – 7 000 евра во денарска противвредност,
- практична обука – 8 400 евра во денарска противвредност и
- специјалистички испит – 600 евра во денарска противвредност.

г) Примарна стоматолошка здравствена заштита - 7 000 евра во денарска противвредност, од кои:

- теоретска настава – 3 200 евра во денарска противвредност,
- практична обука – 3 300 евра во денарска противвредност и
- специјалистички испит – 500 евра во денарска противвредност.

2) Супспецијализации:

а) реконструктивно вилично лицева протетика – 10 000 евра во денарска противвредност, од кои:

- теоретска настава – 4 500 евра во денарска противвредност,
- практична обука – 5 000 евра во денарска противвредност и
- супспецијалистички испит – 500 евра во денарска противвредност

б) орална имплантологија и протетика во детска возраст - 10 000 евра во денарска противвредност, од кои:

- теоретска настава – 4 500 евра во денарска противвредност,
- практична обука – 5 000 евра во денарска противвредност и
- супспецијалистички испит – 500 евра во денарска противвредност.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6565/1
14 јули 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Фатмир Бесими,** с.р.